**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Бр. __________

# ДОГОВОР
## за користење на услугите за Електронско и Мобилно Банкарство за физичко лице

Склучен на ден __________ година, помеѓу:

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст: БАНКАТА), застапувана од Претседател на Управен одбор Глигор Бишев, од една страна и

2. ____________________________, (во понатамошниот текст КОРИСНИКОТ), со ЕМБГ ____________________.

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој Договор се регулираат меѓусебните права, обврски и одговорности на договорните страни кои произлегуваат од користење на услугите на Електронското и/или Мобилното Банкарство.

**Член 2**

Договорните страни се согласни дека сите електронски пораки и налози помеѓу БАНКАТА и КОРИСНИКОТ, потпишани на начин одбран од КОРИСНИКОТ, со примена на еднократна лозинка генерирана од мобилен токен, важечки дигитален сертификат издаден или прифатен од страна на БАНКАТА и/или апликацијата за мобилно банкарство, се сметаат за веродостојни и неспорни.

### Користење на услугите на Електронско и Мобилно Банкарство

**Член 3**

Услугите на Електронско и/или Мобилно Банкарство за увид и следење на состојбата, промените и изводот на сметките, како и доставување на електронски налози за плаќање на КОРИСНИКОТ ќе му бидат достапни 24 часа дневно, седум дена во неделата, во обем и на начин утврден со овој Договор, Општите услови на БАНКАТА за користење на услугите на електронското банкарство, (во понатамошниот текст: Општи услови), актите на деловната политика на БАНКАТА и останатите документи кои се составен дел на овој Договор.

Електронските налози за плаќање доставени преку системот за Електронско и/или Мобилно Банкарство ќе се извршуваат согласно Терминскиот план на БАНКАТА за учесниците во платниот промет и истиот е истакнат на интернет страната на Банката.

Услугите од Електронското и/или Мобилното Банкарство, КОРИСНИКОТ може да започне да ги користи првиот работен ден, по исполнувањето на неопходните услови пропишани во Општите услови. Општите услови се истакнати на интернет страната на Банката.

### Овластување за користење на услугите на Електронско и Мобилно Банкарство

**Член 4**

БАНКАТА ќе овозможи користење на услугите на Електронско и/или Мобилно Банкарство на физичките лица кои се корисници на Електронско и/или Мобилно банкарство.

**Член 5**

КОРИСНИКОТ ја овластува БАНКАТА да ја реализира секоја порака потпишана на начин одбран од КОРИСНИКОТ, со примена на еднократна лозинка генерирана на мобилен токен, апликација за мобилно банкарство и/или важечки дигитален сертификат.

КОРИСНИКОТ ја овластува БАНКАТА трошоците за набавка на мобилен токен, апликација за мобилно банкарство и/или сертификат и токен и трошоците за услугите да ги наплати директно од неговите сметки кои се отворени во БАНКАТА.

БАНКАТА нема да наплати надомест за поврзување на дигитален серификат во Банкарскиот систем ако клиентот поседува сопствен дигитален сертификат и токен издаден од овластена куќа прифатена согласно Општите услови на Банката.

КОРИСНИКОТ се обврзува по секој даден налог за плаќање задолжително да провери дали плаќањето е извршено, со цел да констатира дали постои причина за неизвршување на плаќањето, а во случај на идентификувани разлики да поднесе писмен приговор во рок од 3 дена од изготвување на банкарскиот извод.

Корисникот се обврзува веднаш да ја извести БАНКАТА доколку се сомнева дека токенот, дигиталниот сетрификат, мобилниот токен за генерирање на еднократна лозинка, апликацијата за мобилно банкарство или

еднократната лозинка за најавување се загрозени или злоупотребени или дека трето лице ги користело или се обидело да ги користи, без негова согласност.

## Мерки на заштита, права, обврски и одговорности

### Член 6

Со потпишување на овој Договор, КОРИСНИКОТ потврдува дека е запознаен со содржината, дека ги разбира и дека ќе се придржува до документите кои ја регулираат сигурноста при користењето на услугите од Електронското и/или Мобилно Банкарство пропишани од страна на БАНКАТА, достапни преку овој Договор, Општите услови, пропратните документи со истиот или објавени на интернет страната на Банката.

### Член 7

КОРИСНИКОТ се обврзува да не врши неовластена дистрибуција и злоупотреба на податоците до кои има пристап.

КОРИСНИКОТ е обврзан да го почитува рокот за подигнување на електронскиот сертификат предвиден во Општите услови, во спротивно БАНКАТА има право да наплати определени надоместоци согласно Одлуката за тарифа на Банката директно од сметката на КОРИСНИКОТ.

### Член 8

БАНКАТА нема да биде одговорна доколку не била во можност да ги исполни или задоцни во извршувањето на услугите за Елентронското Банкарство наведени во Општите Услови за Електронско и/или Мобилно Банкарство, поради било која од следните причини:

- во случај на Виша сила која подразбира случаи кои се вон контрола на договорните страни, кои не можат да се предвидат, а доколку може да се предвидат истите неможе да се спречат или отстранат, како што се природни катастрофи (пожари, поплави, земјотреси), војна, бунтови, вооружен конфликт, немири, штрајкови, дејствија на јавната власт, нарушување на функционирањето на системот во Република Македонија и слично.
- опремата и/или софтверот на КОРИСНИКОТ или на БАНКАТА не работат, а КОРИСНИКОТ знаел или бил известен од БАНКАТА за настанатиот проблем или прекин во работењето пред да се обиде да даде налог за плаќање. Банката ваквите известувања може да ги достави како објава на интернет страната, во просториите на банката, по електронска пошта, со писмен допис, телефонски или било кој друг начин за која БАНКАТА ќе смета дека е соодветен во дадената ситуација.
- доколку страната во чија корист се врши плаќањето не е во состојба да го прифати плаќањето или на друг начин предизвика задоцнување во трансферот на средствата

### Член 9

БАНКАТА го задржува правото да врши промени во постојниот систем и сигурносните прописи.

## Праќање, прием и евидентирање на електронските пораки и налози преку Електронско и Мобилно Банкарство

### Член 10

Договорните страни се согласни дека на електронските документи и електронските пораки не може да им се оспорува полноважноста или доказната сила само затоа што се во електронски облик.

### Член 11

Електронските налози за плаќање се извршуваат на начин пропишан со законските прописи и актите на БАНКАТА кои го регулираат платниот промет во земјата и/или со странство важечки во моментот на извршување на плаќањата.

### Член 12

За извршување на електронските налози за плаќање КОРИСНИКОТ располага со средствата на сметките во БАНКАТА отворени врз основа на склучен Договор помеѓу КОРИСНИКОТ и БАНКАТА, а за кои е предвидено користење на одделни услуги од Електронското и/или Мобилно Банкарство наведени во Општите Услови за Електронско Банкарство.

КОРИСНИКОТ е должен, со редовен увид во промените на сметките да го следи и контролира извршувањето на трансакциите преку Електронското и/или Мобилното Банкарство.

## Надомест на штета

### Член 13

Секоја штета настаната со ненамерна или намерна, непропишана употреба на услугите од Електронското и/или Мобилното Банкарство од страна на КОРИСНИКОТ ќе падне на терет на КОРИСНИКОТ.

Доколку КОРИСНИКОТ не ја надомести штетата во рок од 8 дена од денот на прием на барањето за надомест, КОРИСНИКОТ е согласен БАНКАТА за износот на надоместот да реализира налог со кој ќе ја задолжи неговата сметка.

**Чување, заштита и доверливост на податоците**

**Член 14**

КОРИСНИКОТ се согласува БАНКАТА да врши снимање и трајно складирање на сите негови активности при користењето на Електронското и/или Мобилното Банкарство, а записите ќе ги чува согласно законите на РМ.

**Член 15**

Сите податоци кои се однесуваат на КОРИСНИКОТ и неговите активности при користење на Електронското и/или Мобилното Банкарство се чуваат во базата на податоци на БАНКАТА на сигурен начин. Овие податоци по потреба може да се репродуцираат на хартија или во електронска форма.

Договорните страни се согласни дека ваквите податоци претставуваат неспорен доказ за извршените трансакции и нивната содржина.

**Член 16**

Двете договорни страни се обврзуваат дека како доверливи ќе ги чуваат сите податоци, дејства и околности за кои добиле сознание во врска со извршување на овој Договор, за времетраењето на Договорот, како и по неговото раскинување или откажување, освен за тоа што е пропишано со важечките прописи или ако изрично поинаку не се договорат.

**Член 17**

БАНКАТА се обврзува да обезбеди заштита на личните податоци за КОРИСНИКОТ согласно Законот за заштита на лични податоци и законската регулатива. Личните податоци ќе се користат исклучиво за потребите на извршување на услугите преку Електронското и/или Мобилното Банкарство, врз основа на согласност на субјектите на личните податоци и во случај и на начин предвиден со Закон или друг пропис.

**Привремен прекин и откажување на услугите**

**Член 18**

Доколку БАНКАТА се посомнева дека постои злоупотреба, го задржува правото привремено или трајно да го блокира извршувањето на одделни или на сите услуги од Електронското и/или Мобилното Банкарство и за тоа веднаш ќе го извести КОРИСНИКОТ на начин прифатлив за Банката.

**Член 19**

БАНКАТА може да врши краткотрајни прекини на услугите од Електронското и/или Мобилното Банкарство во случаи кога се преземаат неодложни активности за надградба или одржување на информатичкиот систем, за што БАНКАТА навремено ќе го извести КОРИСНИКОТ.

**Член 20**

КОРИСНИКОТ може да изврши промена на начинот на користење на услугите поврзани со Електронското и/или Мобилното Банкарство во согласност со важечките акти на деловната политика на БАНКАТА и важечките прописи кои го регулираат работењето на Електронското и/или Мобилното Банкарство, а за промените задолжително поднесува писмено Барање или образложение до БАНКАТА. КОРИСНИКОТ не може да ги спроведе промените или модификациите без добиена писмена согласност од Банката.

Во случај на откажување на сите услуги од Електронското и/или Мобилното Банкарство, КОРИСНИКОТ е должен да поднесе писмено барање до БАНКАТА и да ги подмири сите финансиски обврски кон БАНКАТА, настанати врз основа на користење на услугите од Електронското и/или Мобилното Банкарство.

**Наплата на надомест за користењето на услугите**

**Член 21**

За користењето на услугите на Електронското и/или Мобилното Банкарство, КОРИСНИКОТ се согласува да плаќа надоместоци во согласност со Одлуката за тарифата на надоместоци за услугите на БАНКАТА, важечка на денот на извршување на услугата.

Со потпишувањето на овој Договор КОРИСНИКОТ ја овластува БАНКАТА, без негова дополнителна согласност да воспоставува налози со кои ќе ги задолжи неговите сметки за износот на надоместоците.

**Член 22**

КОРИСНИКОТ остварува увид во задолжувањата на сметките по основ на надоместокот кој го наплатува БАНКАТА, преку увид во промените и изводот на сметките.

Врз основа на писмено барање од страна на КОРИСНИКОТ, БАНКАТА ќе му достави детална листа на сите услуги кои КОРИСНИКОТ ги остварил во бараниот период и пресметаните надоместоци.

**Измени и дополнувања**

**Член 23**

БАНКАТА го задржува правото да ги менува обемот и содржината на одделните видови на услуги од Електронското и/или Мобилното Банкарство и останатите услови на деловната соработка регулирани со Општите услови, Договорот, актите на деловната политика на БАНКАТА и другите документи кои ја регулираат работата на Електронското и/или Мобилното Банкарство, за што го известува КОРИСНИКОТ со објавување информација на изводот на неговите сметки или на интернет страната на Банката.

**Останати одредби**

**Член 24**

Доколку настанат промени во законските прописи што го регулираат работењето на Електронското и/или Мобилното Банкарство, БАНКАТА ќе ги примени новите законски прописи и одредби кои што ќе стапат на сила во времето на важење на овој Договор. Доколку таквите промени се несоодветни на деловните интереси на КОРИСНИКОТ, тој има право да го раскине овој Договор во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.

**Член 25**

Со потпишување на овој Договор, КОРИСНИКОТ потврдува дека е запознаен и дека ги прифаќа Општите услови на БАНКАТА за користење на услугите на Електронското Банкарство кои се составен дел од овој Договор и останатите содржини кои го регулираат работењето.

**Член 26**

Важноста на договорот е со неограничен рок и истиот може да се прекине на барање на двете договорни страни.

Доколку Корисникот користи Дигитален сертификат неговата важност е дефинирана во обрзецот Формулар за регистрација за квалификуван сертификат. По истекување на важноста на сертификатот истиот се продолжува на писмена пријава на КОРИСНИКОТ.

**Член 27**

КОРИСНИКОТ може да го раскине овој Договор во секое време, врз основа на писмено известување доставено до БАНКАТА најмалку 15 дена пред бараниот датум на раскинување на Договорот и со претходно подмирени обврски кон БАНКАТА.

БАНКАТА може еднострано и без отказен рок да го раскине договорот и да го исклучи КОРИСНИКОТ од Електронското и/или Мобилното Банкарство доколку тој намерно или со големо невнимание предизвика неправилно работење на системот за електронско банкарство и платниот систем како целина, како и поради неисполнување на обврските што произлегуваат од овој Договор.

**Член 28**

Доколку договорот се раскине на барање на било која од договорните страни, платните налози доставени пред раскинувањето на Договорот кои се со идна дата на извршување (по датата на раскинување на Договорот), ќе се сметаат за неважечки.

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови кои можат да произлезат од или се во врска со овој Договор ќе настојуваат да ги решаваат спогодбено, доколку не можат да бидат решени со взаемна согласност, надлежен ќе биде Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овој Договор е составен во два идентични примероци, од кои по еден задржува секоја договорна страна.

| | **Корисник на Електронско банкарство** | **ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје** | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме: | ____________________ | ________________ | ________________ |
| Своерачен потпис: | ____________________ | ________________ | ________________ |